Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

31.03.2023

**Архивски број**: 03-196/2

**До**: м-р Васко Маглешов, новинар во Призма / БИРН

**Предмет**: Одговор на новинарски прашање

Почитувани,

Во прилог се одговорите за поставените прашања:

1. **Како го оценувате процесот на тестирање на кандидатите за судии и јавни обвинители за почетната обука во делот за полагање на психолошките тестови и тестовите за интегритет?**

Психолошките тестови и тестот за интегритет се полагаат анонемно. Академијата е на стојалиште дека полагањето на овие два теста е од огромно значење за оценување на способноста на некое лице за вршење на функцијата судија/јавен обвинител. Имено, психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител. Тестот за интегритет пак се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и се состои од: - тест кој се спроведува во писмена форма, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања и - составен дел на тестот за интегритет е и проверка на себепроценката (self assessment), со цел за проверка за реалната проценка на кандидатот со конкретните состојби.

Со тестот за интегритет и психолошкиот тест се обезбедува гаранција дека кандидатите кои ќе ги положат тестовите ќе бидат спремни во иднина да ја извршуваат функцијата судија/јавен обвинител согласно етичките и моралните вредности.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

2. **На кој начин се гарантира доверливоста и непристрасноста во оценувањето на тестовите?**

Доверливоста и непристрасноста во оценување на овие тестови се гарантира преку полагање на истите анонимно, односно под шифри. Согласно членот 19 од Правилникот за полагање на приемен испит (Службен весник на РСМ бр. 77/2015, 195/2015, 15/2017, 115/2019 и 193/2020), овластената институција, тестовите ги спроведува согласно начелата на приемниот испит од член 61 став 2 од Законот, со целосно почитување на објективноста и анонимноста на тестовите, а согласно техниката на спроведување, определена за постапката за спроведување на квалификацискиот тест и на испитот. Па така, согласно член 59 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, уште при поднесување на пријавата со потребните документи секој кандидат добива испитна шифра. При полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет, кандидатите добиваат други, нови шифри кои се однесуваат само за тој тест. По завршувањето на полагањето, во едно плико се внесува завршениот тест на кандидатот и на истото се пишува шифрата која тој ја добил при полагањето на тестот. Притоа, кандидатот шифрата која ја добил со пријавата на документите, ја внесува во посебно плико кое го заклучува, а потоа на истото, професорите од катедрата по психологија кои го спроведуваат испитот ја пишуваат и шифрата која кандидатот ја добил при полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет. Пликото со шифра останува кај Академијата, додека тестовите ги зема институцијата овластена за спроведување на тестирањето, па така бидејќи Овластената институција не ја знае испитната шифра на кандидатите, се обезбедува целосно објективно оценување.

3. **Дали тестовите се одобрени од Комората на психолозите?**

Одобрувањето на тестовите од Комората на психолозите е во тек.


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

**4. Каков е ставот на АСЈО за неформалниот предлог од професорите-психометричари кандидатите што еднаш ги положиле овие тестови, да не ги полагаат по втор или третпат, а да ги полагаат само останатите делови од приемниот испит?**

Психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител, додека тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија или јавен обвинител. Согласно тоа, АСЈО е на ставот дека кандидатите е потребно со секој приемен испит да ги полагаат овие тестови, без разлика на тоа дали во некоја од претходните постапки за приемен испит веќе ги полагале, бидејќи на психолошката состојба и начинот на размислување на кандидатие влијаат многу фактори, кои во меѓувреме можат да се променат, а со самото тоа да влијаат на етичките и моралните уверувања, социјалните способности и општата психолошка состојба на кандидатот во моментот.

Академијата има побарано мислења и од други психолози, а тие се на стојалиште дека состојбата на било кое лице од разни фактори (како на пример претрпен стрес) може се промени за период од 6 месеци и затоа е потребно ново тестирање во рамки на секој приемен испит. Ова особено беше случај во рамки на пандемија на КОВИД-19, каде што секојдневниот живот на луѓето претрпе многу промени.

Исто така, институцијата која го спроведува психолошкото тестирање врши ревидирање на прашањата (особено во рамки на тестот за интегритет поради измена на законската регулатива или од друга причина), со што можно е да има промена во резултатите кај кандидатите од една во друга генерација. Па така, во претходните генерации се има случено кандидат кој во една генерација положил на психолошкиот тест во наредна да не положи, или

кандидат кој добил оцена „Делумно задоволува„“ во една генерација да добие оцена „Задоволува“ во наредната.

**5. Со оглед дека посебни приговори против психолошките тестови и тестот на интегритет не се дозволени, како е уредено прашањето за увид на кандидатите во сопствените тестови?**

Кандидатите немаат право на увид во овие тестови. Имено, согласно членот 20 од Законот за вршење на психолошката дејност („Службен весник“ бр. 6/05): „ (1) Психолозите во вршењето на психолошката дејност можат да ги употребуваат психолошките тестови, мерните инструменти што Комората ги пропишала како психолошки мерни инструменти (во натамошниот текст: психодијагностички средства). (2) Комората утврдува пропис на посебно заштитените психодијагностички средства. Посебно заштитените психодијагностички средства *не можат да се пресликуваат во целост или по делови и на кој било начин да се даваат на увид на неовластени лица.....*“. Во тој контекст, законодавецот изрично и недвосмислено укажува на тоа дека кога станува збор за мерни инструменти пропишани од Комората како психодијагностички средства (тука спаѓа и психолошкиот тест за приемен испит во Академијата), истите на ниеден начин не смеат да се даваат на увид на неовластени лица, што повеќе од јасно доведува до заклучокот дека увид во психолошкиот тест од страна на кандидатот не е дозволен. Ова од причина што психолошкиот тест не познава точно или неточно одговорено прашање, туку истиот претставува посебно структурирана формулација со чија помош се согледува целосната слика во однос на тоа дали кандидатот е подобен за вршење на судиска и јавнообвинителска функција, водејќи се чисто од одговорите на кандидатот на посебните аспекти од тестот а кои се следните: прашалник за односот кон работата( има за цел да го утврди односот на кандидатот кон завршување на работните задачи), тест за когнитивните способности (има за цел утврдување на способности за апстрактно резонирање и логичко расудување на кандидатот) и тест за личноста на кандидатот ( има за цел утврдување на определени лични карактеристики од важност за вршење на функцијата на судија или јавен обвинител). Воедно,


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

сите овие аспекти на тестот ја мерат целокупната подобност на кандидатот за вршење на функцијата, па затоа и резултатите од тестот се описни, односно тестот се оценува со оценка: „задоволува" или „не задоволува".

Во таа смисла, и со пресуда УРПЖ бр. 10/2020, донесена од Вишиот управен суд е одлучено дека увид во психолошките не е допуштен, туку согласно член 42 од Законот за општата управна постапка, на жалителот му се допушти единствено разгледување на списите на предметот, а не увид во тестот.

**6. Која е главната причина поради која АСЈО склучила договор за набавка на тестовите во постапка со договарање без објавување оглас?**

Накратко, главната причина поради која АСЈО користеше постапка со преговарање без објавување оглас, е тоа што во моментот на пазарот не постоеше друг економски оператор кој можеше да ги пресретне потребите на конкретната набавка.

Но, спроведувањето на оваа постапка за набавка е мошне комплексна тематика поради долгата историја која со себе ја носи потребата од спроведување на психолошки тестови. Заради детално објаснување на целата тематика, неопходно е да се навратиме години наназад.

Веднаш по јавувањето на потребата за спроведување на психолошки тестови во рамки на приемниот испит (за кандидатите за идни судии и јавни обвинители) во Академијата за судии и јавни обвинители (во 2011 година), Академијата презема активности во насока на информирање околу деталите во врска со видот на тестовите и начинот на спроведување на истите.

Согласно член 45-а од тогашниот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители: „Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови за вршењето на функцијата судија кои се применуваат во најмалку една од земјите членки на Европската унија и ОЕЦД." На тој начин, за прв пат во законодавството и општо во јавниот


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

сектор, а особено во правосудството на Република Македонија се воведуваат ваков вид на тестови, како дел од содржината на приемниот испит во Академијата, и како услов за изборот и напредувањето на судиите, а како компонента во системот на кариера на судиите. Во правец на имплементација на Законот за Академијата кој веќе стапи во сила, но и со цел за создавање на услови за имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите кој во поглед на овие тестови почна да се применува од 01.07.2013 година, во функција на задоволување на условот на меѓународниот карактер на тестовите, Академијата во соработка со Министерството за правда на Република Македонија, и другите правосудни институции, а по препорака на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, воспостави контакт со Консултантската Компанија ЛТП (Лабораторија за применета психологија) од Кралството Холандија, како компанија која има искуство во предметната област .

Во рамките на соработката, а со цел за дизајнирање на психолошките тестови и тестовите за интегритет кои ќе се користат во Република Македонија, од страна на ЛТП, во месец април 2011 година, беше извршен мониторинг на состојбата во поглед на законите и прописите од областа на правосудството воопшто и посебно на процесот на селекција. Беа остварени средби и консултации со највисоките претставници на правосудните иснституции на Македонија. Со писмо бр. 07-1587/2 од 10.05.2011 година, Министерот за правда на РМ, го изрази прифаќањето на понудата и предлог соработката на ЛТП со македонското правосудство од април 2011 година, со предлог ЛТП да ја започне подготовката на психолошките тестови адаптирани на македонските услови со дополнително барање ЛТП да ги изработи и тестовите за интегритет согласно цитираните законски измени. Во јуни 2011 година, од страна на ЛТП беше извршено пробно тестирање врз предложената структура на тестовите од април 2011 година, по кое ЛТП достави заклучок дека концептот и структурата на предложените тестови и прашалници наменети за македонското правосудство се валидни и може да се искористат како психолошки тестови за идните судии и јавни обвинители, а понатаму да бидат основа и за развој на психолошките тестови и тестовите


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

за интегритет за избор на судиите во основните судови, но и за напредување во повисоките инстанци и кој концепт се совпаѓа со целите на воведување и содржината на тестовите предвидени во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители и Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Од страна на ЛТП беше наведено дека со склучување на договорот помеѓу ЛТП и Академијата за судии и јавни обвинители, Академијата ќе стане ексклузивен и исклучив сопственик на целиот материјал, со што ќе може да го користи бесплатно, а лиценцата за нивно користење автоматски ќе се продолжува секоја година без било какви дополнителни трошоци што претставува погодност која ЛТП ја понуди исклучиво поради огромното значење на овој проект за правосудството на Република Македонија кое за прв пат воведува вакви тестови.

По извршената набавка на тестовите, потребно беше тестовите да бидат спроведени од страна на стручни лица од домашна независна и целосно акредитирана професионална институција. За таа цел, Академијата спроведе истражување на пазарот во тој момент, за состојбата во државата, во насока на информирање каде постои Институт за психологија и Катедра за психометрија со негова историја, авторизираност и стручност за спроведување на психолошките тестови и тестови за интегритет. Особено значајно е да се напомене дека уште при спроведување на истражувањето, Академијата истакна дека институцијата и лицата кои ќе бидат назначени за спроведување на фазата на подготовка на тестовите, ќе бидат задолжени да ги чуваат како тајност сите доверени податоци заради заштита на анонимноста на тестовите.

По извршеното истражување на пазарот утврдено беше дека единствено Институтот за психологија на Филозофскиот факултет Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ги исполнува бараните стандарди – да поседува Институт за психологија и Катедра за психометрија со негова


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

историја, авторизираност и стручност за спроведување на психолошките тестови и тестови за интегритет.

Врз основа на тоа, Академијата ги откупи тестовите од ЛТП, при што истите од самиот почеток, користејќи постапка со преговарање без објавување на оглас (поради техничка неможност друг оператор да ја изврши набавката) се предадоа на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет Скопје, кои се обврзаа да ги чуваат во тајност и да ги спроведуваат истите исклучиво за потребите на Академијата, каде до ден денес се наоѓаат. Беше извршен превод и стандардизација на тестовите. Следно, поради задоволување на потребата од елиминаторниот карактер на тестовите, во 2014 година беше извршено нормирање на тестовите исто така користејќи постапка со преговарање без објавување на оглас. Значајно е да се напомене дека заради задоволување на правичната застапеност во текот на целата постапка со спроведувањето на психолошките тестови, поради недостиг на член со албанска националност во тимот од Институтот за психологија на Филозофскиот факултет, беше назначен надворешен член. Тоа беше потребно и поради можноста на лицата кои ќе го полагаа психолошкиот тест и тестот на интегритет во иднина, да имаат можност да полагаат на својот мајчин јазик, така што одредени силогизми се доближија до нив, со цел воспоставување рамноправност на сите кандидати кои ги полагаа тестовите.

Психолошките тестови и тестовите за интегритет се во сопственост на Академијата, а правото за користење е откупено врз основ на лиценцен договор склучен со ЛТП, Проф Кеесомлаан во Амстелвеен, Холандија во 2011 година. Врз основа на тој договор тестовите не можат да бидат дадени на увид на никој кој не е овластен за нивно користење. Тестовите се за интерна употреба - не може да се користат за други цели. Со оглед на тоа што тестовите се користат за селективни цели, не можат да бидат употребувани вон Академијата, а информацијата за нивната адаптација/стандардизација не може да биде јавно објавена.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

Во знак на судските реформи и пристапот кон Европската Унија, правосудниот сектор има една од клучните улоги во преговарачките Поглавја за пристап кон ЕУ. Академијата за судии и јавни обвинители токму во овие реформи е постојано под лупа при извршување на своите задачи. Затоа од голема важност е процесот на тестирање во Академијата да се одвива со брза динамика во сите негови фази. Приемниот испит е доста сложен процес со многу чекори од кои два чекори се токму полагањето на тестот за интегритет и психолошкиот тест, и не смее да се дозволи да се закочи процесот, особено имајќи предвид дека ќе има голем притисок брзо да биде спроведена испитната постапка.

Врз основа на наведеното, очигледна е потребата постапката да биде спроведена со преговарање без објавување на оглас. Од особена важност во целокупниот овој процес е тајноста на тестовите и целокупниот досегашен период на нивно прилагодување, нормирање и адаптација од страна на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет Скопје, што подразбира потрошени финансиски средства во времетраење од повеќе од 1 деценија.

Доколку Ви се потребни дополнителни податоци, Ви стоиме на располагање

Со почит,

**Академија за судии и јавни обвинители**
Павел Шатев
Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска

Подготвил: м-р Давид ПАНОВ
Предал: м-р Соња Мојсовска
Прегледал: м-р Сања ПАНДИЛОВ


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk